Врз основа на член 18 точка 5 од Измените на законот за животна средина (Сл.Весник на РМ, бр. 24/07 г.), а во врска со член 61 од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ, бр. 53/05 г.) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл.Весник на РМ, бр. 147/08 г.), Градоначалникот на Општина Штип донесе

# О Д Л У К А

## За организирање на јавна расправа по Нацрт Извештај за стратегиска оцена врз животната средина за планска документација - локална урбанистичка планска документација за асфалтна база, КО Сарчиево, Општина Штип

Член 1

Со оваа Одлука се организира јавна расправа по Нацрт Извештај за стратешка оцена врз животната средина за планска документација - локална урбанистичка планска документација за асфалтна база, КО Сарчиево, Општина Штип за асфалтна база, КО Сарчиево, Општина Штип.

Член 2

Соопштението за јавната расправа по Нацрт Извештајот ќе биде истакнато на огласна табла во Општина Штир.

Член 3

Јавната расправа по Извештајот за локална урбанистичка планска документација за асфалтна база, КО Сарчиево, Општина Штип, ќе се одржи на 16.02.2016 година (Вторник), во салата за состаноци во Општина Штип со почеток во 08.30 часот.

Член 4

Нацрт Извештај за стратегиска оцена врз животната средина за планска документација - локална урбанистичка планска документација за асфалтна база, КО Сарчиево, ќе биде ставен на јавен увид на веб страната на Општина Штип www.stip.gov.mk.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со Службен Гласник на Општина Штип.

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП